Новопланираната канализациона мрежа ќе се надоврзе на планираните мрежи од соседните блокови. Истата се состои од PVC канализциони цевки со минимален профил од Ø250 мм, што е усогласен со прописите од ЈП Водовод и канализација – Гевгелија. и арм. бетонски ревизиони шахти. Системот од канализациона мрежа е составен од профили со различни димензии кои се поточно прикажани во графичките прилози.

АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Атмосферската канализација ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците, зелените површини. Планираната атмосферска канализација е усогласена со нивелационото решение на уличната мрежа.

- **Количини на атмосферски води**

Количината на атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, интензитетот на дождот и течниот коефициент.

$Q = \Sigma F \times i \times \Psi \times \varphi$

Вкупната сливна површина која гравитира кон атмосферската канализација изнесува:

F =13.19ха

Средниот коефициент на отекување ќе се пресмета по формулата:

Ψ = (F1 × Ψ1 + F2 × Ψ2 + F3 × Ψ3) / ΣF
Qатм = F x qi x Ψ (л/сек)
Каде:

F1 – површини под покриви – 3.26ха
F2 – површини со зеленило – 0.70ха
F3 – површини под улици и тротоари – 3.68ха
Ψ1 – коефициент на отекување од покриви
Ψ2 – коефициент на отекување од зеленило
Ψ3 – коефициент на отекување од улици и тротоари

Коефициентот на ретардација φ = 0.434

Ψ = (3.26 × 0.8 + 0.07 × 0.15 + 3.68 × 0.85) / 13.19ha
Ψ = 0.44ha

Според тоа количината на атмосферска вода за одводнување изнесува:

Qатм = F x qi x Ψ (л/сек)

F – вкупна сливна површина (ха) 13.19ха
q_i – специфичен истек (110)
Ψ - просечен коефициент на истекување (0.44)

Q = 13.19 x 110 x 0.44 = 638.40 l/sek

Целиот систем е пресметан според рационалниот метод, земајќи го како критериум времетраењето на врнежите, односно времетраењето кое е рамно на соодветното време на концентрацијата на врнежите.

На основа припадните сливни површини,интензитетот на истекување према наведениот образец, изнајдени се количините на вода а во согласност со падот на каналот извршено е димензионирање на каналската мрежа. Новопланираната атмосферска мрежа ќе се поврзе со постојниот вод, а истата е составена од мрежа со профили со различни димензии кои се поточно прикажани во графичките прилози.

Димензиите на планираната атмосферска мрежа се со минимален профил од Ø300mm, но истото треба да се утврди со основни проекти каде што ќе се увидат точниот нивелман и големината на цевките.

Атмосферската канализација е планирана со генералниот урбанистички планот, но истата треба да се утврди со изработка на детален урбанистички план и основни проекти каде што ќе се увидат точниот нивелман и големината на цевките.

РЕГУЛАЦИЈА НА ВОДОТЕЦИ

За регулирање и дефинирање на планската докуметација на **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15)** од *Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија* изработена е студија за

регулирање на речното корито на реката Рауљ, односно **Хидролошка студија за определување на големи води на крак од река Рауљ во границите на ГУП на град Гевгелија, Општина Гевгелија** со технички број 061/2025-ХС, одобрена со решение број 11-1785/2 од 19.05.2025 година од Сектор за води, Управа за животна средина при Министерство за животна средина и просторно планирање и одлука на Совер на Општина Гевгелија број 09-898/1 од 04.06.2025 година.

На барање на ЈПКД "Комуналец" – Гевгелија изработен е **Елаборат за одредување на заштитни зони околу водозафатни објекти – бунари за водоснабдување на Гевгелија и околината со технички број 09-211 од јануари 2015 година** одобрен од Сектор за води, од Управа за животна средина при Министество за животна средина и просторно планирање, согласно допис број 11-5919/9 од 16.12.2019 година. Изработувачи на елаборатот се ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија и Градежен институт "Македонија" АД – Скопје.

Заштитните зони околу водозафатните објекти и други пратечки објекти на изворишата на подземни води се одредуваат и воспоставуваат превентивно со цел да се спречи загадувањето на водите кои се експлоатираат. Во граници на заштитните зони дефинирани се различни превентивни мерки за заштита со построг или поблаг карактер, заради спречување на можно влијание на загадување.

Бунарското подрачје "Моин" има 4 експлоатациони бунари изведувани во периодот од 1980-1981 година, западно од градот Гевгелија, на оддалеченост од околу 2км од градот.

Бунарското подрачје "Вардар" има 2 експлоатациони бунари изведувани во непосредна близина со меѓусебно растојание од околу 150м, во близина на клучката на автопатот пред самиот влез во градот Гевгелија.

За заштита на водата за пиење од биолошко, физичко, хемиско, радиолошко и друго загадување, како и за заштита од други негативни влијанија кои може штетно да влијаат врз квалитетот, здравствената исправност на водата за пиење, околу водозафатните објекти се воспоставуваат и одржуваат заштитни зони и тоа:

1. Потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор) – I (прва) заштитна зона;
2. Широка заштитна зона (зона на санитарно ограничување) - II (втора) заштитна зона;
3. Поширока заштитна зона (зона на хигиенско – епидемиолошко следење и набљудување) - III (трета) заштитна зона;

Генерално заштитните зони се одредени како:

I Заштитна зона околу водозафатните објекти – куќарки;

II Заштитна зона во рамки на влијание на бунарите (радиус на влијание на бунарите);

III Заштитна зона го опфаќа сливното подрачје;

Потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор) - I (прва) заштитна зона го опфаќа просторот во радиус од 10м во сите правци на секој од водозафатните објекти – бунари кои се користет за зафаќање на вода за пиење. Потесната заштитна зона ги опфаќа водозафаните објекти – бунари, постројките за преработка на вода и објектите неопходни за работа, хлорирање на водата, одржување и чување на водозафатните објекти.

Во оваа зона за секој од бунарите и каптираните извори, потребно е да биде заградена со жичана ограда, чувана и опремена со алармни уреди, односно да се преземат најригорозни мерки за заштита од загадување на извориштето. Пристап во потесната заштитна зона имаат само вработени лица, одговорни за активностите во врска со водоснабдителниот систем. Потесната заштитна зона задолжително е под 24 часовен надзор и во неа не треба да се врши:

- градење или употреба на постојни објекти и постројки, користење на земјиште и вршење на други дејности кои не се во функција на јавното водоснабдување;
- користење на површините за интензивно земјоделство кое бара користење на хемиски ѓубрива и пестициди, хербициди и инсектициди;
- експлоатација на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци;
- експлоатација на минерални суровини и експлоатација на подземни води;
- секакво нарушување на горниот заштитен слој на почвата;
- сечење дрвја и уништување на вегетацијата;
- неконтролиран транспорт, складирање и користење на материи кои по својот состав се опасни за подземните водоносни слоеви;
- пристап на возила на моторен погон кои не се во функција на ЈПКД "Комуналец" – Гевгелија;
- узгој, движење и испаша на стока;
- преземање на други дејствија кои можат да влијаат на квалитетот на подземната вода, вклучувајќи ги и дејствијата кои се забранети во останатите заштитни зони;

Широка заштитна зона (зона на санитарно ограничување) - II (втора) заштитна зона е определена врз основа на можното микробиолошко загадување да достигне до местото на водозафатот од најмалку 100 дена, за услови на меѓуслојна подземна вода, а согласно Правилникот за начинот на одредување на заштитните зони околу водозафатнитеб објекти. За изградба на било како објект и инфраструктура треба да се извести Министерството за животна средина и просторно планирање, за оценка на влијанието врз животната средина (изградба на трла, бачила, мандри у сл.). Во втората заштитна зона не може да се изведуваат или употребуваат објекти и постројки, да се користи почвата или вршат други дејности, ако тоа ја загрозува безбедноста на водата на извориштето, односно во неа не треба да се врши:

- изградба или употреба на објекти и постројки, користење на почва или вршење на други дејности предвидени во заштита на првата заштитна зона;
- употреба на хемиски ѓубрива;
- употреба на пестициди, хербициди и инсектициди;
- узгој, движење и испаша на стока;
- кампување и други собири на луѓе;
- изградба на сточни и живинарски фарми;
- формирање на нови гробишта и проширување на капацитетот на постојните;
- изведба на бунари и експлоатација на подземна вода, со што би се нарушил режимот на подземните води, освен за потребите за јавното водоснабдување;
- изградба на индустриски, земјоделско – стопански објекти и други објекти, како и вршење на дејности чии отпадни води и други отпадни материи можат да го загрозат квалитетот, здравствената исправност на водата и издашноста на изворот;
- изградба на бензински пумпи, механичарски сервиси или сервиси за миење на возила;
- намалување на горниот заштитен слој на почвата;

- интензивно земјоделство со примена на хемиски ѓубрива и пестициди, инсектициди и хербициди;
- изградба на септички јами;
- експлоатација на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци и активности што го оштетуваат речното корито и бреговите на водотеците;
- експлоатација на минерални суровини и експлоатација на подземни води;
- складирање на градежни материјали со опасни супстанции;
- транспорт на деривати и хемикалии, складирање и користење на нафта и нафтени деривати, хемиски и други опасни и штетни материи;
- изградба на сообраќајници без канали за атмосферски води;
- да се ограничи движењето на тешки моторни возила и забрани движење на неисправни возила;
- одржување на авто и мото трки;
- превземање на други дејствија кои можат да влијаат на квалитетот на подземната вода, вклучувајќи ги и дејствијата кои се забранети во поширокаата заштитна зона;

Поширока заштитна зона (зона на хигиенско – епидемиолошко следење и набљудување) - III (трета) заштитна зона го опфаќа просторот помеѓу надворешната граница на втората заштитна зона и сливното подрачје на површинските водотеци, кои всушност во најголем дел ги хранат подземните водотеци, односно водозафатните објекти – бунари за водоснабдување на Гевгелија и околината. Во оваа зона забранети се сите активности и дејности со кои се загрозува безбедноста на водата на изворишето, односно односно во неа не треба да се врши:

- трајно подземно и надземно складирање на опасни материи и материи кои не смеат директно или индиректно да се внесат во водите;
- производство, превоз и манипулирање со опасни материии и материите кои не смеат директно или индиректно да се внесат во водите;
- комерцијално складирање на нафта и нафтени деривати;
- испуштање на индустриски и комунални непречистени отпадни води и води кои служеле за разладување на индустриски постројки;
- изградба на сообраќајници без канали за атмосферски води;
- неконтролирано депонирање на комунален отпад, хаварисани возила, стари гуми и други материи и материјали од кои може да се ослободат загадувачки материи со испирање или цедење;
- неконтролирано сечење на шума;
- површински и подповршински работи, минирање на почвата, продор во слој кој ја покрива подземната вода и отстранување на слојот кој го покрива водоносниот слој, освен ако тие работи не се во функција на водоснабдувањето;
- експлоатација на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци и активности што го оштетуваат речното корито и бреговите на водотеците;
- изградба на индустриски и земјоделско стопански и други објекти, како и вршење на дејности чии отпадни води и други отпадни материи можат да го загрозат квалитетот, здравствената исправност на водата и издашноста на изворишето;
- транспорт на деривати и хемикалии, складирање и користење на нафта и нафтени деривати, хемиски и други опасни и штетни материи;
- да се ограничи движењето на тешки моторни возила и забрани движење на неисправни возила и одржување на авто и мото трки, освен транспорт на шумски сортименти и саден материјал;

- експлоатација на минерални суровини и експлоатација на подземни води, освен за потребите на јавното водоснабдување;
- користење на земјиштето во колку се загрозуваат неговите природни вредности, вклучувајќи ги и подземните и површинските води кои можат да го загрозат квалитетот, здравствената исправност на водата и издашноста на изворот;
- експлоатација и испуштање на масла, хемиски, опасни и радиоактивни материи;
- депонирање и исфрлање на отпадни цврсти материи, нивното депонирање и исфрлање да биде во организирани, обезбедени и контролирани депонии кои се наоѓаат надвор од сливното подрачје;
- обесшумување;
- интензивно земјоделство со голема примена на хемиски ѓубрива и пестициди, инсектициди и хербициди;

Границата на планскиот опфат на **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15)** од *Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија* спаѓа во **поширока заштитна зона (зона на хигиенско – епидемиолошко следење и набљудување) - III (трета) заштитна зона.** При спроведување на деталниот урбанистички план, задолжително да се земат во предвид активностите и дејностите кои се забранети во таа зона, согласно **Елаборат за одредување на заштитни зони околу водозафатни објекти – бунари за водоснабдување на Гевгелија и околината со технички број 09-211 од јануари 2015 година.**

7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ И ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

7.1. Општите и посебните услови, текстуалниот дел, графичките прилози и табелите со нумерички податоци се составен дел на Планската документација на **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15)** од *Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија* и имаат правно дејство само врз градителската активност која ќе следи по стапување на сила на генералниот урбанистички план.

7.2. Општите услови за развој и користење на земјиштето и градбите се применуваат во рамки на утврдената граница на плански опфат на **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15)** од *Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија* чии граници се опишани и потврдени во Планската програма на оваа обединета постапка.

7.3. Податоците кои се евидентирани во ажурираната геодетска подлога и документационата основа на **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15)** од *Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија* се третираат како постојна состојба.

7.4. Спроведувањето на генералниот урбанистички план ќе се изведува според важечката законска и подзаконска регулатива, одобрена техничка документација и важечките прописи од областа на урбанизмот и граджништвото, во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (*Службен весник РСМ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26*).

7.5. Со планската документација на **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15)** од *Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија*, односно при нејзино спроведување треба да се дефинираат следните услови:

- облик и големина на градежна парцела (м²);
- градежни линии кои ги дефинираат просторот во кој може да се гради;
- процент на изграденост (колкав дел од градежната парцела да биде зафатен со градба);
- вкупна површина по катови (м²);
- коефициент на искористеност (к);
- дозволена намена на земјиштето и градбата;
- максимална висина на објект од нулта кота до кота на кровен венец (м´);
- максимален број на катови на објектот;
- тип и висина на кровна конструкција;
- насоки за архитектонско обликување на градбите;
- пристап и паркирање на возилата;

7.6. Површината за градење е планска одредба со која се утврдува делот од градежната парцела во кој се планира градбата, согласно член 102 од Правилникот за урбанистичко планирање (*Службен весник РСМ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26*). При спроведување на планската документација треба да се одредат следните услови:

- облик и големина на градежна парцела (м²);
- површина за градба со градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради една или повеќе градби – комплекст од градби (м²);

- подземна градежна линија која го дефинира просторот кој може да се гради под нивото на теренот;
- заштитни коридори на инфраструктурни водови – простор во кој не може да се гради;

7.7. При спроведување на планот, градежната парцела треба да се формира со димензии кои овозможуваат градење, употреба и одржување на градбите, според нивната намена, согласно Правилникот за урбанистичко планирање (*Службен весник РСМ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26*).

7.8. При спроведување на планот, минимални димензии на градежната парцела со класа на намена А1 – Куќи за домување, а на која предходно немало постојна градба во зависност од видот на домувањето, градбата и густината на изградба се:

- ширина 6м со длабочина 20м за куќи во низа;
- ширина 12м со длабочина 20м за двокуќи;
- ширина 14м со длабочина 20м за самостојни куќи по подрачја со густа градба (40-50% изграденост на земјиштето);
- ширина 16м со длабочина 22м за самостојни куќи по подрачја со средно густа градба (25-40% изграденост на земјиштето);
- ширина 20м со длабочина 25м за самостојни куќи по подрачја со ретка градба (до 25% изграденост на земјиштето);
- ширина 25м со длабочина 30м за вилна населба;

7.9. При спроведување на планот, растојанијата помеѓу површините за градење во градежни парцели што се поставени лице во лице, од две страни на сообраќаен коридор зависат од широчината на коридорот или од меѓусебното растојание при што:

- На коридор дефиниран со две регулациони линии што се на меѓусебно растојание од 3.00-6.00м, површините за градење што се допираат со регулационата линија можат да бидат слепи (без отвори) или да имаат само помошни отвори со парапет над 1.60м, додека регуларни отвори со парапет над 1.6м може да има на градби чии површини за градба се оддалечени од регулационата линија најмалку 3.0м;
- На коридор дефиниран со меѓусебно растојание на градбите од двете страни на коридорот од 6.0-16.0м, страните на градбите што се ориентирани кон коридорот може да бидат со регуларни отвори со парапети под 1.6м, но со висина на градбите што не е поголема од широчината на коридорот;
- Висината на градбите во градежни парцели што се планирани лице во лице од двете страни на сообраќаен коридор, зависат од широчината на просторниот коридор дефинирана како меѓусебно растојание на градбите од двете страни на коридорот, кои по правило изнесуваат најмалку до широчината на коридорот во приградски и периферни четврти на населеното место (В=Ш) и до две широчини на коридорот во централните четврти од населено место (В=2Ш) за коридори пошироки од 18.0м;

7.10. При одредување на диспозицијата на површината за градба во спроведување на урбанистичкиот план, не се дозволени растојанија помеѓу градежната линија, односно границата на површината за градба и страната на градежната парцела што се помеѓу 0.00 и 1.20м.

7.11. При спроведување на планот, кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела со соседот не се дозволени пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид архитектонска пластика.

7.12. При спроведување на планот, кога градежната линија не се совпаѓа со границата на градежната парцела дозволените пречекорувања не треба да излезат надвор од границата на градежната парцела на било која висина или растојание.

7.13. При спроведување на планот во секоја градежна парцела се утврдува површина за градба, ограничена со градежни линии во чии рамки може да се гради една или повеќе градби. Доколку се гради еден објект во градежната парцела, истото се работи со основен проект за градба, а доколку се градат повеќе градби (комплекс на градби), потребно е да се изработи Урбанистички проект, согласно член 58 од Законот за урбанистичко планирање (*Службен весник на РСМ број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25*).

7.14. Котата на нулта плоча е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на тротоарот и не се дозволува нејзино поместување под котата на теренот, односно под котата на пристапната патека. Висинската кота на приземната плоча на градбите при спроведување на планот, односно нултата плоча во однос на котата на теренот се утврдува, согласно член 123 од Правилникот за урбанистичко планирање (*Службен весник РСМ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26*).

7.15. Висината на кровниот венец, дадена во табелите со нумерички податоци и во графичките прилози при спроведување на генералниот урбанистички план е максимална, изразена во метри должни и се определува од нивото на нивелетата на тротоарот на сообраќајницата или пристапната патека до завршниот венец на објектот. Доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад, максималната висина се определува од висинската кота на теренот во средината на страната на градбата долж падот на теренот.

7.16. Максималната височина зависи од намената на земјиштето и градбите, како и од густината и типологијата на градењето, односно од меѓусебното растојание на градбите и ширината на уличниот профил, па пошироките улични коридори овозможуваат поголеми максимални височини на градбите и обратно.

7.17. Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, а се пресметува како односот помеѓу површината за градба и површина на градежно земјиште изразен во проценти.

7.18. Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште, а се пресметува како однос помеѓу вкупно изградената површина на градба (збирот на површините на сите планирани надземни катови) и површината на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали.

7.19. При спроведување на генералниот урбанистички план да се почитува Законот за урбано зеленило (Службен весник на РМ број 11/18, 42/20, 224/24), односно процентот на озеленетост во границата на градежната парцела да изнесува минимум 20% од истата, под кој не се планира градба.

7.20. Стационарниот сообраќај, паркирање и/или гаражирање на потребен број на моторни возила потребно е да се планира во границите на градежната парцела. Потребниот број на паркинг места, се определува според намената на земјиштето и градбите наведено во Правилникот за урбанистичко планирање (*Службен весник РСМ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26*). При определување на потребен број паркинг места задолжително да се земе во предвид и компатибилната намена.

7.21. Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките и други микролокациски услови, треба да се води сметка за специфичноста на градежните материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во

обликување на фасадите потребно е да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти. Објектите кои се планираат во границите на планскиот опфат, треба да се проектираат согласно стандардите и нормативите за проектирање, без да се наруши природната рамнотежа на средината.

7.22. При планирање и изградба на нови објекти и содржини во просторот да се применуваат мерките за пречување на бариери, односно да се овозможи непречно движење на лица со инвалидитет, особено во делот на достапноста до јавните објекти.

7.23. Површините за движење на пешаци при спроведување на планот, да бидат со континуирана нивелета, без скалести денивелации со подолжен наклон од најмалку 8.33%, секаде каде што условите на теренот до дозволуваат тоа.

7.24. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на места, согласно насоки од надлежна институција. Локациите на заедничките контејнери треба да бидат достапни за возилата за подигнување на сметот и уредени согласно одредбите од институцијата која го евакуира и транспортира во регионална депонија.

7.25. При спроведување на генералниот урбанистички план да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, односно ширината на пристапниот пат за ПП возила да не биде помала од 6м и да се овозможи непречен пристап за противпожарни возила од најмалку две спротивни страни на објектите, согласно Правилникот за мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (*Службен весник на РМ број 32/2011*) и Правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (*Службен весник на РМ број 31/2006).*

7.26. При спроведување на генералниот урбанистички план, а потоа и деталниот урбанистички план, односно при одобрение за градба неопходно е да се обезбеди простор за шахти, приклучоци кон комунална инфраструктура кои ќе бидат лоцирани непосредно до регулационата линија. До нив треба да има непречен пристап на техничките служби на претпријатијата кои стопанисуваат со инфраструктурата.

7.27. Не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациски, гасоводни и други инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклочоци, освен нивно вкрстување. При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациски, гасоводни и други инсталации со уличната водоводна, фекална или атмосферска канализација и нивните приклочоци, минималното растојание со нив е регулирано со "услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациски, гасоводни и други инсталации" на соодветните комунални организации, но не помалку од 0.60м односно 1.0м од крајниот раб на водоводот, фекалната и атмосферската канализација. Вертикалното растојание помеѓу нив треба да изнесува минимум 0.5м.

7.28. Согласно член 203, став 1 од Законот за енергетика (Службен весник на РМ број 96/2018), не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетски објекти, уреди и постројки со кои се нарушува процесот на производство, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот. При спроведување на деталниот урбанистички план да се почитува Правилникот за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV.

7.29. До сите трансформаторски станици да се обезбеди пристап со товарно возило за изградба на истите и нивно тековно одржување.

7.30. Телекомуникациски коридори се планираат во површини од тротоари, пристапни улици и пешачки патеки. За уличните телекомуникациски ормари треба да се обезбеди манипулативен простор со димензии од 1.0м х 0.5м. Бројот и местоположбата на телекомуникациски ормари ќе се дефинира,

согласно развојните потреби на мрежата и конкретните услови на терен, согласно насоки од надлежната институција.

7.31. Согласно Правилникот за урбанистичко планирање (*Службен весник РСМ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26*) дозволени се компатибилни класи на намена, мах 40% од основната класа на намена. Компатибилни намени, класи на намена или групи на класи на намена, се две или повеќе намени кои можат да егзистираат во просторната единица, односно во иста наменска зона или во иста градежна парцела без при тоа меѓусебно да си го нарушуваат нормалното функционирање.

7.32. Покрај компатибилните класи на намена, дозволени се и комплементарни намени кои ќе ја дополнуваат една градежна парцела и служат исклучово за подобро функционирање на основната класата на намена утврдена во планот. Тие треба да бидат доолнување на основната намена, да се во функција исклучиво за остварување на основната класа на намена и не треба да зафаќаат значителен дел од просторот наменет за примерната намена, туку само го збогатуваат просторно – функционалниот и типолошкиот карактер на просторот.

7.33. За поголема флексибилност при спроведување на планот, согласно Правилникот за урбанистичко планирање (*Службен весник РСМ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26*) во планираните градежни парцели со намена В1 – Објекти за образование и наука дозволени се алтернативни класи на намена. Тоа подразбира во градежна парцела со намена В1 – Објекти за образование и наука, дозволена е алтернативна класа на намена В2.8 – Згради за предшколско образование и грижа (детска градинка).

7.34. При спроведување на генералниот урбанистички план, доколку две или повеќе градежни парцели со ист сопственик има потреба да се соединат во една поголема градежна парцели, или од една поголема градежна парцела да се формираат две или повеќе помали градежни парцели, истото е може да се спроведе согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање (*Службен весник на РСМ број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25*). Член 63 од Законот за урбанистичко планирање (*Службен весник на РСМ број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25*) може да се примени и доколку се планираат и дозволените алтернативни класи на намена.

7.35. Доколку при спроведување на урбанистичкиот план се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита на културното наследство (*Службен весник на РМ број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19, 03/25*).

7.36. Границата на планскиот опфат на **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (Блок 15)** од Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија спаѓа во **поширока заштитна зона (зона на хигиенско – епидемиолошко следење и набљудување) - III (трета) заштитна зона**, согласно **Елаборат за одредување на заштитни зони околу водозафатни објекти – бунари за водоснабдување на Гевгелија и околината** со технички број 09-211 од јануари 2015 година. Во оваа зона забранети се сите активности и дејности со кои се загрозува безбедноста на водата на изворишето, односно во неа не треба да се врши:

- трајно подземно и надземно складирање на опасни материи и материи кои не смеат директно или индиректно да се внесат во водите;
- производство, превоз и манипулирање со опасни материии и материите кои не смеат директно или индиректно да се внесат во водите;
- комерцијално складирање на нафта и нафтени деривати;

- испуштање на индустриски и комунални непречистени отпадни води и води кои служеле за разладување на индустриски постројки;
- изградба на сообраќајници без канали за атмосферски води;
- неконтролирано депонирање на комунален отпад, хаварисани возила, стари гуми и други материи и материјали од кои може да се ослободат загадувачки материи со испирање или цедење;
- неконтролирано сечење на шума;
- површински и подповршински работи, минирање на почвата, продор во слој кој ја покрива подземната вода и отстранување на слојот кој го покрива водоносниот слој, освен ако тие работи не се во функција на водоснабдувањето;
- експлоатација на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци и активности што го оштетуваат речното корито и бреговите на водотеците;
- изградба на индустриски и земјоделско стопански и други објекти, како и вршење на дејности чии отпадни води и други отпадни материи можат да го загрозат квалитетот, здравствената исправност на водата и издашноста на изворишето;
- транспорт на деривати и хемикалии, складирање и користење на нафта и нафтени деривати, хемиски и други опасни и штетни материи;
- да се ограничи движењето на тешки моторни возила и забрани движење на неисправни возила и одржување на авто и мото трки, освен транспорт на шумски сортименти и саден материјал;
- експлоатација на минерални суровини и експлоатација на подземни води, освен за потребите на јавното водоснабдување;
- користење на земјиштето во колку се загрозуваат неговите природни вредности, вклучувајќи ги и подземните и површинските води кои можат да го загрозат квалитетот, здравствената исправност на водата и издашноста на изворот;
- експлоатација и испуштање на масла, хемиски, опасни и радиоактивни материи;
- депонирање и исфрлање на отпадни цврсти материи, нивното депонирање и исфрлање да биде во организирани, обезбедени и контролирани депонии кои се наоѓаат надвор од сливното подрачје;
- обесшумување;
- интензивно земјоделство со голема примена на хемиски ѓубрива и пестициди, инсектициди и хербициди;

7.37. За се што не е регулирано со овие услови, важат општите и посебните одредби од Генерален урбанистички план на Град Гевгелија, 2011-2021 (Одлука бр. 07-1436/1 од 16.07.2012год.) и Регулациски план на Генерален урбанистички план на град Гевгелија, Измени и дополнувања 2011-2021, за Блок 15, Општина Гевгелија (Плански период 2020-2021) , за Блок 15, (Одлука бр. 09-762/1 од 30.04.2020год.) и стандардите и нормативите утврдени во Правилникот за урбанистичко планирање (*Службен весник РСМ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26*).

8. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ

КЛАСА НА НАМЕНИ:

Во **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15)** од *Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија* се планираат следните класи на намена:

А – ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ 6.52ха (49.41%)

А1 – Куќи за домување

Дозволени компатабилни класи на намени на основната класа на намена Б1, max 40%;

Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ 0.77ха (5.85%)

Б1 – Мали објекти за трговија

Покрај основната класа на намена, не се дозволуваат компатабилни класи на намени на основната класа на намена;

Б2 – Големи единици за трговија

Дозволени компатабилни класи на намени на основната класа на намена А2, Б1, Б4, max 40%;

В – ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ 2.32ха (17.62%)

В1 – Објекти за образование и наука

Дозволени компатабилни класи на намени на основната класа на намена Д3, max 20%;

Дозволена е алтернативна класа на намена на основната класа на намена В2.8 - Згради за предшколско образование и грижа (детска градинка);

В5.1 – Објекти за вршење верски и други обреди (црква)

Покрај основната класа на намена, не се дозволуваат компатабилни класи на намени на основната класа на намена;

Д - ЗЕЛЕНИЛО,РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ 1.23ха (9.34%)

Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило

Д3 – Теренски градби за спорт и рекреација

Дозволени компатабилни класи на намени на основната класа на намена Б1, Б2, Б3, Б6, В3, max 40%;

Е – ИНФРАСТРУКТУРИ 2.34ха (17.77%)

Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури (Сообраќајници)

Е1.4 – Регулација на реки и порои (река Рауљ)

Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија (Трафостаници)

Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатабилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува 40%, согласно член 81 од Правилникот за урбанистичко планирање („*Службен весник на РСМ“, број 225/20,219/21,104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26*).

При спроведување на планот, површината за градба од граници на градежна парцела кај новопланираните објекти е во доменот на сеизмичко проектирање односно планирано растојание од H/2 од висина на објектот,

со што се обезбедува во случај на непланирано рушење на објектите рушевините да бидат во граници на градежната парцела.

ВКУПНО ПЛАНСКИ ОПФАТ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГУП ЗА ГРАД ГЕВГЕЛИЈА (БЛОК 15)				
А - ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ				
А1 - КУЌИ ЗА ДОМУВАЊЕ	65175 m²	65175 m²	49.41%	49.41%
Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ				
Б1 - МАЛИ ОБЈЕКТИ ЗА ТРГОВИЈА	1189 m²	7719 m²	0.90%	5.85%
Б2 - ГОЛЕМИ ЕДИНИЦИ ЗА ТРГОВИЈА	6530 m²		4.95%	
В – ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ				
В1 - ОБЈЕКТИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА	19481 m²	23247 m²	14.77%	17.62%
В5.1 - ОБЈЕКТИ ЗА ВРШЕЊЕ ВЕРСКИ И ДР.ОБРЕДИ (ЦРКВА)	3766 m²		2.86%	
Д - ЗЕЛЕНИЛО,РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ				
Д2 - ЗАШТИТНО И СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО	7305 m²	12323 m²	5.54%	9.34%
Д3 - ТЕРЕНСКИ ГРАДБИ ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА	5018 m²		3.80%	
Е – ИНФРАСТРУКТУРИ				
Е1.1 - СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ	18514 m²	23435m²	14.04%	17.77%
Е1.4 - РЕГУЛАЦИЈА НА РЕКИ И ПОРОИ (КАНАЛ РАУЉ)	4726 m²		3.58%	
Е1.8 – ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА – ТРАФОСТАНИЦИ	196 m²		0.15%	
ВКУПНО ПЛАНСКИ ОПФАТ		**131899 m²**		**100.00%**

БЛОК 15.12

Во границата на Блок 15.12, се планираат следните класи на намена:

БЛОК 15.12

А – ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ 1.13ха (70.86%)

А1 – Куќи за домување

Дозволени компатабилни класи на намени на основната класа на намена Б1, max 40%;

Е – ИНФРАСТРУКТУРИ 0.46ха (29.14%)

Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури (Сообраќајници)

Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија (Трафостаници)

БЛОК 15.12				
А - ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ				
А1 - КУЌИ ЗА ДОМУВАЊЕ	11289 m²	11289 m²	70.86%	70.86%
Е – ИНФРАСТРУКТУРИ				
Е1.1 - СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ	4613 m²	4641m²	28.96%	29.14%
Е1.8 – ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА – ТРАФОСТАНИЦИ	29 m²		0.18%	
ВКУПНО (БЛОК 15.12)		**15930 m²**		**100.00%**

БЛОК 15.13

Во границата на Блок 15.13, се планираат следните класи на намена:

БЛОК 15.13

А – ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ 1.59ха (41.78%)

А1 – Куќи за домување

Дозволени компатабилни класи на намени на основната класа на намена Б1, max 40%;

Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ 0.65ха (17.11%)

Б2 – Големи единици за трговија

Дозволени компатабилни класи на намени на основната класа на намена А2, Б1, Б4, max 40%;

Д – ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ 0.47ха (12.40%)

Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило

Е – ИНФРАСТРУКТУРИ 1.10ха (28.71%)

Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури (Сообраќајници)
Е1.4 – Регулација на реки и порои (река Рауљ)
Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија (Трафостаници)

БЛОК 15.13				
А - ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ				
А1 - КУЌИ ЗА ДОМУВАЊЕ	15945 m²	15945 m²	41.78%	41.78%
Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ				
Б2 - ГОЛЕМИ ЕДИНИЦИ ЗА ТРГОВИЈА	6530 m²	6530 m²	17.11%	17.11%
Д - ЗЕЛЕНИЛО,РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ				
Д2 - ЗАШТИТНО И СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО	4734 m²	4734 m²	12.40%	12.40%
Е – ИНФРАСТРУКТУРИ				
Е1.1 - СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ	7667 m²	10957m²	20.09%	28.71%
Е1.4 - РЕГУЛАЦИЈА НА РЕКИ И ПОРОИ (КАНАЛ РАУЉ)	3260 m²		8.54%	
Е1.8 – ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА – ТРАФОСТАНИЦИ	31 m²		0.08%	
ВКУПНО (БЛОК 15.13)		**38166 m²**		**100.00%**

БЛОК 15.16

Во границата на Блок 15.16, се планираат следните класи на намена:

БЛОК 15.16

А – ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ 3.79ха (48.77%)

А1 – Куќи за домување
Дозволени компатабилни класи на намени на основната класа на намена Б1, max 40%;

Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ 0.12ха (1.53%)

Б1 – Мали објекти за трговија
Покрај основната класа на намена, не се дозволуваат компатабилни класи на намени на основната класа на намена;

В – ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ 2.32ха (29.88%)

В1 – Објекти за образование и наука
Дозволени компатабилни класи на намени на основната класа на намена Д3, max 20%;
Дозволена е алтернативна класа на намена на основната класа на намена В2.8 - Згради за предшколско образование и грижа (детска градинка);
В5.1 – Објекти за вршење верски и други обреди (црква)
Покрај основната класа на намена, не се дозволуваат компатабилни класи на намени на основната класа на намена;

Д – ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ 0.76ха (9.75%)

Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило

Д3 – Теренски градби за спорт и рекреација

Дозволени компатабилни класи на намени на основната класа на намена Б1, Б2, Б3, Б6, В3, max 40%;

Е – ИНФРАСТРУКТУРИ 0.78ха (10.07%)

Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури (Сообраќајници)

Е1.4 – Регулација на реки и порои (река Рауљ)

Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија (Трафостаници)

БЛОК 15.16				
А - ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ				
А1 - КУЌИ ЗА ДОМУВАЊЕ	37941 m²	37941 m²	48.77%	48.77%
Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ				
Б1 - МАЛИ ОБЈЕКТИ ЗА ТРГОВИЈА	1189 m²	1189 m²	1.53%	1.53%
В – ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ				
В1 - ОБЈЕКТИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА	19481 m²	23247 m²	25.04%	29.88%
В5.1 - ОБЈЕКТИ ЗА ВРШЕЊЕ ВЕРСКИ И ДР.ОБРЕДИ (ЦРКВА)	3766 m²		4.84%	
Д - ЗЕЛЕНИЛО,РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ				
Д2 - ЗАШТИТНО И СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО	2570 m²	7588 m²	3.30%	9.75%
Д3 - ТЕРЕНСКИ ГРАДБИ ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА	5018 m²		6.45%	
Е – ИНФРАСТРУКТУРИ				
Е1.1 - СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ	6235 m²	7837m²	8.01%	10.07%
Е1.4 - РЕГУЛАЦИЈА НА РЕКИ И ПОРОИ (КАНАЛ РАУЉ)	1466 m²		1.88%	
Е1.8 – ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА – ТРАФОСТАНИЦИ	136 m²		0.18%	
ВКУПНО (БЛОК 15.16)		**77802 m²**		**100.00%**

ДОЗВОЛЕН БРОЈ ПАРКИНГ МЕСТА:

За пресметување на најмалиот потребен број на паркинг места според намената на земјиштето и градбите, при спроведување на **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15)** од *Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија* потребно е да се користат следните нормативи:

А1 – Куќи за домување - 1 паркинг место по станбена единица;

Б1 – Мали објекти за трговија - 1 паркинг место на 100 м2 од вкупно изградената површина;

Б2 – Големи единици затрговија - 1 паркинг место на 70 м2 од вкупно изградената површина;

В1 – Објекти за образование и наука - 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места;

В5.1 – Објекти за вршење верски и други обреди (црква) – 1 паркинг место на 40м2 од вкупно изградената површина;

Минималниот број на паркинг места за велосипеди за планираните намени на земјиштето и градбите се определува на следниот начин:

А1 – Куќи за домување - 1 паркинг место по станбена единица;

Б1 – Мали објекти за трговија - 1 паркинг место на 100 м2 од вкупно изградената површина;

Б2 – Големи единици затрговија - 1 паркинг место на 70 м2 од вкупно изградената површина;

В1 – Објекти за образование и наука - 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места;

В5.1 – Објекти за вршење верски и други обреди (црква) – 1 паркинг место на 40м2 од вкупно изградената површина;

Согласно Правилникот за урбанистичко планирање (*Службен весник РСМ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26*) при спроведување на планот, во предвид треба да се земат и потребните паркинг места за компатибилните класи на намена, доколку се застапени.

9. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Законската регулатива со која се регулира заштитата на животната средина, релевантна за изработка на **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) од Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија**, е следната:

- **Закон за животна средина** („Службен весник на Република Македонија“ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 ,44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 89/22 и 171/22);
- **Закон за заштита на природата** („Службен весник на Република Македонија“ број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21);
- **Законот за урбано зеленило** („Службен весник на Република Македонија“ број 11/18, 42/20, 224/24);
- **Закон за квалитет на амбиентниот воздух** („Службен весник на Република Македонија“ број 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 146/15, 151/21);
- **Закон за управување со отпадот** („Службен весник на Република Македонија“ број 216/2021);
- **Закон за заштита од бучава на животна средина** („Службен весник на Република Македонија“ број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 ,146/15, 151/21, 03/25);
- **Закон за водите** (Службен весник на Република Македонија, 6рој 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16, 151/21, 03/25);
- **Уредба за класификација на водите** („Службен весник на Република Македонија“ број 18/99);
- У**редба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води** („Службен весник на Република Македонија“ број, 18/99 и 71/99);
- **Законот за заштита на културното наследство** ("Сл.весник на Р.М." бр. 20/04, 71/04, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 104/15, 154/15, 192/15 39/2016, 11/2018, 20/19, 03/25) ;
- **Закон за заштита и спасување** („Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11,93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21, 124/25);
- **Законот за одбрана** (Службен весник на Република Македонија, број 42/01, 5/03,
- 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15, 42/20)
- **Законот за управување со кризи** (Службен весник на Република Македонија, број 29/05, 36/11, 27/13, 41/14, 104/15, 39/16, 83/18, 215/21),
- **Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата** ("Сл.весник на Р.М." бр. 169/15, 226/15, 55/16,11/18, 83/18, 98/19, 302/20 и 122/21) ;
- **Уредбата за спроведувањето на мерката заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи** („Службен весник на Република Македонија“ број 100/2010);
- **Закон за пожарникарството** („Службен весник на Република Македонија“, број 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 152/19);
- **Проценатa за загрозеност** согласно **Генерален урбанистички план на Град Гевгелија, 2011-2021** (Одлука бр. 07-1436/1 од 16.07.2012год.) и **тековната измена како дел од оваа обединета постапка**.
- **Уредба за начин на применување на мерките за заштита и спасување при планирање на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во технички преглед** („Службен весник на Република Македонија“, број 105/05);

9.1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Врз основа на член 53 од Законот за заштита и спасување (*„Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11,93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21, 124/25*) за планската документација на **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) од Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија**, се предвидуваат мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства во Република Македонија.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:

- засолнување
- заштита и спасување од поплави
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
- заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
- заштита и спасување од урнатини
- заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и
- спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

- евакуација
- згрижување на загрозеното и настраданото население
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита
- прва медицинска помош
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
- асанација на теренот.

9.2. ЗАСОЛНУВАЊЕ

Република Македонија има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко - хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

9.3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

На површината на предметниот плански опфат на **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) од Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија,** при спроведување сите објекти треба да бидат лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3.5m со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот треба да овозможи лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7.0cm и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарниот дом во Гевгелија, би изнесувал од 10 до 15мин.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (*„Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11,93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21, 124/25*). Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевководи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенест систем на цевководи, со минимален пречник Ø80mm. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ø80mm се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевководи имаат пречник најмалку Ø80mm. Хидрантите да се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150m. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2.5 бара.

При изработка на Основен проект за објектите кои се планира да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (*„Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11,93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21, 124/25*), Законот за пожарникарство (*„Службен весник на РМ“ број 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на РСМ“ број 152/19*) и другите позитивни прописи со кои се регулира оваа област. Во однос на заштитата од пожари, во проектната документација за објектите да се реши и громобранска инсталација, за да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

Согласно Законот за заштита и спасување (*„Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11,93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21, 124/25*), инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција - пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Одредбата ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

9.4. ЗАШТИТА ОД НЕЕКСПЛОДИРАНИ УБОЈНИ И ДРУГИ ЕКСПЛОЗИВНИ СРЕДСТВА

Согласно **Закон за заштита и спасување** („Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11,93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21, 124/25) член 80, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

9.5. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки:

- најмало растојание од градежната линија до следната градежна линија е 6,00m, на коридорот на улиците;
- при рушење објектот ја зафаќа h/2 од површината околу себе, односно руините се во најголем дел во склоп на парцелата;
- сообраќајната мрежа нема да биде оптоварена со руини и ќе има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од IX степени МСЗ, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекти.

Во урбанистичките планови се утврдува превентивна мерка за заштита од урнатини, претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При спроведување на детелниот урбанистички план, односно при проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Заштита од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти, согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативни помали тежини.

9.6. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ТЕХНИЧКО - ТЕХНОЛОШКИ НЕСРЕЌИ

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина потребно е одржување на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти и заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи или последици од пожар и експлозии.

Услови за заштита и спасување од техничко - технолошки несреќи:

- потребно е да се предвидат превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- потребна е замена на халогенираните јагленоводороди како разладни средства и пропеланти, редукција на сегашната емисија на голем број на опасни супстанци и редукција на емисија на бензин, хлорометан, духлоретан, бакар и кадмиум, намалување на емисијата на јаглероден диоксид и сулфур диоксид и дефосфатизирање и денитрифицирање на отпадниот материјал.
- изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

9.7. СПАСУВАЊЕ ОД СООБРАЌАЈНИ НЕСРЕЌИ

Планираната улична мрежа за документација на **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) од Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија**, е планирана по принцип на хиерархиска функционална класификација, од примарна и секундарна мрежа.

Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот. Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника, која за овој плански опфат во реонот на Клиничка болница - Гевгелија би изнесувал од 5 до 10мин.

9.8. ЕВАКУАЦИЈА

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи. Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

9.9. ЗГРИЖУВАЊЕ НА ЗАГРОЗЕНОТО И НАСТРАДАНОТО НАСЕЛЕНИЕ

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настрадaното и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат

сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

9.10. РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

- РХБ извидување на територијата
- дозиметриска контрола
- детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје
- лабораториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

9.11. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

Согласно член 67 од Закон за заштита и спасување *(Службен весник на РМ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Службен весник на РСМ број 215/21, 124/25)*, заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеци, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување на состојбата на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување на населението во загрозено подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, односно обезбедување на премин и превоз преку водата, спасување на загрозено население од вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на жртви, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

При спроведување на урбанистичката проектна документација потребно е да се почитуваат сите наведени, но и останати мерки за заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди, наведени во Закон за заштита и спасување *(Службен весник на РМ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Службен весник на РСМ број 215/21, 124/25)*.

За регулирање и дефинирање на планската докуметација на **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15)** од *Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за*

Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија изработена е студија за регулирање на речното корито на реката Рауљ, односно **Хидролошка студија за определување на големи води на крак од река Рауљ во границите на ГУП на град Гевгелија, Општина Гевгелија** со технички број 061/2025-ХС, одобрена со решение број 11-1785/2 од 19.05.2025 година од Сектор за води, Управа за животна средина при Министерство за животна средина и просторно планирање и одлука на Совет на Општина Гевгелија број 09-898/1 од 04.06.2025 година.

Во согласност со Законот за водите (*Сл.весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16, 151/21, 03/25*) при изработката на планската документација земени се во предвид критериумите за заштита, одржување и уредување на површинските води и крајбрежните земјишта:

1. Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, забрането е освен со дозвола или согласност, изградба на постројки и објекти во заштитениот крајбрежен појас во ширина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулирани водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулирани водотеци, а во населени места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општината или советот на градот Скопје на предлог на градоначалникот на општината по предходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина;

2. Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите се забранува освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон:

- Да се менува правецот на водотекот;
- Да се врши градба или зафат кои би имале негативно влијание врз протокот на водотекот;
- Да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;
- Да се сечат дрвја, грмушки и друга вегетација во речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите;
- Да се вади чакал, песок и камен од коритата и бреговите на површинските водни тела за да не дојде до влошување на постојниот режим на водите и се предизвикуваат процеси на ерозија или се оневозможува користење на водите;
- Да се изгради брана, насип или слична препрека која би имала негативно влијание на протокот на водотекот;
- Да се копаат и дупчат бунари на растојание помало од 20 метри од ножицата на одбранбените насипи;
- Да се копаат прокопи и канали по должината на насипот на коритото поблиску од 10 метри од внатрешната страна и 10 метри од надворешната страна на ножицата на насипот;
- Да се фрла отпаден материјал (комунален, индустриски и друг), земја, градежен шут, јаловина и слично;
- Да се вршат други активности со кои се оштетуваат речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите;

3. Изведувањето на водостопанските објекти и постројки да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно – техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз крстосниците;

4. Да се преземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции;

5. Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности е слободен;

6. Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од населени и индустриски места. Квалитетот на испуптената вода во водотекот треба да биде во согласност со Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води и Уредбата за класификација на водите (Сл.весник на РМ број 18/99);

Согласно Законот за водите, Министерството за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност за изградба на нови или реконстукција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите, како и Дозвола за користење на води, односно Дозвола за испуштање на водите под услови и начин предвидени со закон.

На барање на ЈПКД "Комуналец" – Гевгелија изработен е **Елаборат за одредување на заштитни зони околу водозафатни објекти – бунари за водоснабдување на Гевгелија и околината со технички број 09-211 од јануари 2015 година** одобрен од Сектор за води, од Управа за животна средина при Министество за животна средина и просторно планирање, согласно допис број 11-5919/9 од 16.12.2019 година. Изработувачи на елаборатот се ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија и Градежен институт "Македонија" АД – Скопје.

Заштитните зони околу водозафатните објекти и други пратечки објекти на изворишта на подземни води се одредуваат и воспоставуваат превентивно со цел да се спречи загадувањето на водите кои се експлоатираат. Во граници на заштитните зони дефинирани се различни превентивни мерки за заштита со построг или поблаг карактер, заради спречување на можно влијание на загадување.

Бунарското подрачје "Моин" има 4 експлоатациони бунари изведувани во периодот од 1980-1981 година, западно од градот Гевгелија, на оддалеченост од околу 2км од градот.

Бунарското подрачје "Вардар" има 2 експлоатациони бунари изведувани во непосредна близина со меѓусебно растојание од околу 150м, во близина на клучката на автопатот пред самиот влез во градот Гевгелија.

За заштита на водата за пиење од биолошко, физичко, хемиско, радиолошко и друго загадување, како и за заштита од други негативни влијанија кои може штетно да влијаат врз квалитетот, здравствената исправност на водата за пиење, околу водозафатните објекти се воспоставуваат и одржуваат заштитни зони и тоа:

4. Потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор) – I (прва) заштитна зона;
5. Широка заштитна зона (зона на санитарно ограничување) - II (втора) заштитна зона;
6. Поширока заштитна зона (зона на хигиенско – епидемиолошко следење и набљудување) - III (трета) заштитна зона;

Генерално заштитните зони се одредени како:

I Заштитна зона околу водозафатните објекти – куќарки;

II Заштитна зона во рамки на влијание на бунарите (радиус на влијание на бунарите);

III Заштитна зона го опфаќа сливното подрачје;

Потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор) - I (прва) заштитна зона го опфаќа просторот во радиус од 10м во сите правци на секој од водозафатните објекти – бунари кои се користет за зафаќање на вода за пиење. Потесната заштитна зона ги опфаќа водозафаните објекти – бунари, постројките за преработка на вода и објектите неопходни за работа, хлорирање на водата, одржување и чување на водозафатните објекти.

Во оваа зона за секој од бунарите и каптираните извори, потребно е да биде заградена со жичана ограда, чувана и опремена со алармни уреди, односно да се преземат најригорозни мерки за заштита од загадување на изворишето. Пристап во потесната заштитна зона имаат само вработени лица, одговорни за активностите во врска со водоснабдителниот систем. Потесната заштитна зона задолжително е под 24 часовен надзор и во неа не треба да се врши:

- градење или употреба на постојни објекти и постројки, користење на земјиште и вршење на други дејности кои не се во функција на јавното водоснабдување;
- користење на површините за интензивно земјоделство кое бара користење на хемиски ѓубрива и пестициди, хербициди и инсектициди;
- експлоатација на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци;
- експлоатација на минерални суровини и експлоатација на подземни води;
- секакво нарушување на горниот заштитен слој на почвата;
- сечење дрвја и уништување на вегетацијата;
- неконтролиран транспорт, складирање и користење на материи кои по својот состав се опасни за подземните водоносни слоеви;
- пристап на возила на моторен погон кои не се во функција на ЈПКД “Комуналец“ – Гевгелија;
- узгој, движење и испаша на стока;
- преземање на други дејствија кои можат да влијаат на квалитетот на подземната вода, вклучувајќи ги и дејствијата кои се забранети во останатите заштитни зони;

Широка заштитна зона (зона на санитарно ограничување) - II (втора) заштитна зона е определена врз основа на можното микробиолошко загадување да достигне до местото на водозафатот од најмалку 100 дена, за услови на меѓуслојна подземна вода, а согласно Правилникот за начинот на одредување на заштитните зони околу водозафатнитеб објекти. За изградба на било како објект и инфраструктура треба да се извести Министерството за животна средина и просторно планирање, за оценка на влијанието врз животната средина (изградба на трла, бачила, мандри у сл.). Во втората заштитна зона не може да се изведуваат или употребуваат објекти и постројки, да се користи почвата или вршат други дејности, ако тоа ја загрозува безбедноста на водата на изворишето, односно во неа не треба да се врши:

- изградба или употреба на објекти и постројки, користење на почва или вршење на други дејности предвидени во заштита на првата заштитна зона;
- употреба на хемиски ѓубрива;
- употреба на пестициди, хербициди и инсектициди;
- узгој, движење и испаша на стока;
- кампување и други собири на луѓе;
- изградба на сточни и живинарски фарми;
- формирање на нови гробишта и проширување на капацитетот на постојните;

- изведба на бунари и експлоатација на подземна вода, со што би се нарушил режимот на подземните води, освен за потребите за јавното водоснабдување;
- изградба на индустриски, земјоделско – стопански објекти и други објекти, како и вршење на дејности чии отпадни води и други отпадни материи можат да го загрозат квалитетот, здравствената исправност на водата и издашноста на изворот;
- изградба на бензински пумпи, механичарски сервиси или сервиси за миење на возила;
- намалување на горниот заштитен слој на почвата;
- интензивно земјоделство со примена на хемиски ѓубрива и пестициди, инсектициди и хербициди;
- изградба на септички јами;
- експлоатација на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци и активности што го оштетуваат речното корито и бреговите на водотеците;
- експлоатација на минерални суровини и експлоатација на подземни води;
- складирање на градежни материјали со опасни супстанции;
- транспорт на деривати и хемикалии, складирање и користење на нафта и нафтени деривати, хемиски и други опасни и штетни материи;
- изградба на сообраќајници без канали за атмосферски води;
- да се ограничи движењето на тешки моторни возила и забрани движење на неисправни возила;
- одржување на авто и мото трки;
- превземање на други дејствија кои можат да влијаат на квалитетот на подземната вода, вклучувајќи ги и дејствијата кои се забранети во поширокатa заштитна зона;

Поширока заштитна зона (зона на хигиенско – епидемиолошко следење и набљудување) - III (трета) заштитна зона го опфаќа просторот помеѓу надворешната граница на втората заштитна зона и сливното подрачје на површинските водотеци, кои всушност во најголем дел ги хранат подземните водотеци, односно водозафатните објекти – бунари за водоснабдување на Гевгелија и околината. Во оваа зона забранети се сите активности и дејности со кои се загрозува безбедноста на водата на изворишето, односно односно во неа не треба да се врши:

- трајно подземно и надземно складирање на опасни материи и материи кои не смеат директно или индиректно да се внесат во водите;
- производство, превоз и манипулирање со опасни материии и материите кои не смеат директно или индиректно да се внесат во водите;
- комерцијално складирање на нафта и нафтени деривати;
- испуштање на индустриски и комунални непречистени отпадни води и води кои служеле за разладување на индустриски постројки;
- изградба на сообраќајници без канали за атмосферски води;
- неконтролирано депонирање на комунален отпад, хаварисани возила, стари гуми и други материи и материјали од кои може да се ослободат загадувачки материи со испирање или цедење;
- неконтролирано сечење на шума;
- површински и подповршински работи, минирање на почвата, продор во слој кој ја покрива подземната вода и отстранување на слојот кој го покрива водоносниот слој, освен ако тие работи не се во функција на водоснабдувањето;
- експлоатација на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци и активности што го оштетуваат речното корито и бреговите на водотеците;

- изградба на индустриски и земјоделско стопански и други објекти, како и вршење на дејности чии отпадни води и други отпадни материи можат да го загрозат квалитетот, здравствената исправност на водата и издашноста на извориштето;
- транспорт на деривати и хемикалии, складирање и користење на нафта и нафтени деривати, хемиски и други опасни и штетни материи;
- да се ограничи движењето на тешки моторни возила и забрани движење на неисправни возила и одржување на авто и мото трки, освен транспорт на шумски сортименти и саден материјал;
- експлоатација на минерални суровини и експлоатација на подземни води, освен за потребите на јавното водоснабдување;
- користење на земјиштето во колку се загрозуваат неговите природни вредности, вклучувајќи ги и подземните и површинските води кои можат да го загрозат квалитетот, здравствената исправност на водата и издашноста на изворот;
- експлоатација и испуштање на масла, хемиски, опасни и радиоактивни материи;
- депонирање и исфрлање на отпадни цврсти материи, нивното депонирање и исфрлање да биде во организирани, обезбедени и контролирани депонии кои се наоѓаат надвор од сливното подрачје;
- обесшумување;
- интензивно земјоделство со голема примена на хемиски ѓубрива и пестициди, инсектициди и хербициди;

Границата на планскиот опфат на **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15)** од *Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија* спаѓа во **поширока заштитна зона (зона на хигиенско – епидемиолошко следење и набљудување) - III (трета) заштитна зона.** При спроведување на деталниот урбанистички план, задолжително да се земат во предвид активностите и дејностите кои се забранети во таа зона, согласно **Елаборат за одредување на заштитни зони околу водозафатни објекти – бунари за водоснабдување на Гевгелија и околината со технички број 09-211 од јануари 2015 година.**

9.12. ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош за овој плански опфат во реонот на Клиничка болница - Гевгелија би изнесувал од 5 до 10мин.

9.13. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ЖИВОТНИ И ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизоотии и други несреќи.

Превентивните мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

9.14. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА РАСТЕНИЈА И ПРОИЗВОДИ ОД РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО

Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивните мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

9.15. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

Согласно конфигурацијата на теренот и препоставката за можно настанување на свлекување на земјиштето при спроведување на Детални от урбанистички план потребно е да се изработи елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

9.16. АСАНАЦИЈА НА ТЕРЕНОТ

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на загинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Евентуалните отпадоци од некој процес на производството потребно е да се собираат во посебен контејнер. Со тоа ќе се спречи загадување на почвите и на подземните води, а со тоа на животната и работна средина воопшто. Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода. Со прочистување на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на стопанството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенција на човекот.

Носителите на одделните активности за асанација на теренот ќе се утврдуваат според надлежноста за предметниот реон.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

I. при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;

II. во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати,енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко- угостителска дејност и
III. при изградба на објекти и инфраструктура. Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
2) регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
3) изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
4) обезбедување на противпожарни пречки;
5) изградба на објекти за заштита и
6) изградба на потребната инфраструктура.

При спроведување на планските решенија на урбанистичкиот план, за се што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Закон за заштита и спасување *(Службен весник на РМ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Службен весник на РСМ број 215/21, 124/25)*, Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Службен весник на Република Македонија, бр. 117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Службен весник на Република Македонија, бр. 76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Службен весник на Република Македонија, бр. 8/05).

9.17. МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА БАРИЕРИ ЗА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ

Составен дел на овој Генерален урбанистички план се конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на лица со инвалидитет во рамките на планскиот опфат. Ова особено се однесува на уредувањето на земјиштето за општа употреба во рамките на планскиот опфат, а пред се планираната улична мрежа и јавен паркинг.

За обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет, сите јавни пешачки површини се планирани со континуирана нивелета без скалести денивелации, со најголем подолжен наклон од 8.33%.

Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина и тоа за:

- наклон од 8,33% или во однос (1:12), максимална должина на рампата е 9м
- наклон од 6,66% или во однос (1:15), максимална должина на рампата е 12м
- наклон од 5,0% или во однос (1:20), максималната должина на рампата е 15м

Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите, треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да е 1,50м, а оптималната должина треба да е 1.80м. При изработка на проекти за уличната мрежа, на секој пешачки премин треба да се предвидат рампи за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот со минимална широчина од 1м, а оптимална широчина од 1,80м. Најголем наклон на рампата е 20% или во однос (1:5), а оптималниот наклон е 8,33% или во однос (1:12).

Во објектите со намена од групите на класи на намени Б и В, задолжително да се предвидат рампи за пристап за висинско совладување на денивелираните површини за комуникација на влезовите од градбите и внатрешни рампи во јавните и групните простории како и просториите за собири. Рампите да се димензионираат според одредбите од член 133 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26). Минималната широчина на рампите треба да биде 1м.

При изработка на проекти за уличната мрежа, на секој пешачки премин треба да се предвидат рампи за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот. Поставувањето на трајна и времена урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува пешачкиот сообраќај, а особено на лица со инвалидност со колички.

При изработка на проекти за уредување на земјиштето за општа употреба, како и проекти за градбите од градежните парцели со основна класа на намена различна од А1 – Домување во станбени куќи, задолжително се применуваат одредбите на Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено – деловна намена (Службен весник на Република Македонија, број 17/15), одредбите на членовите 109 – 123 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање (Службен весник на Република Македонија, број 60/12 и 29/15), како и одредбите на членовите 75 – 79 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26).

9.18. ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Во границата на планскиот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Сепак, согласно одредбите на Член 65 од **Законот за заштита на културното наследство** ("Сл.весник на Р.М." бр. 20/04, 71/04, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 104/15, 154/15, 192/15 39/2016, 11/2018, 20/19, 03/25), ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен веднаш, а најдоцна во рок од три дена:

1. Да го пријави откритието;
2. Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

Случајното откритие на заштитено добро или на добро за кое основано се претпоставува дека претставува културно наследство се пријавува веднаш и се смета дека е извршено ако пријавата е доставена непосредно на надлежната јавна установа за заштита или до Министерството за внатрешни работи. Доколку пријавата е доставена до Министерството за внатрешни работи, тоа ја доставува пријавата до надлежната јавна установа.

9.19. МЕРКИ ЗА ОЗЕЛЕНУВАЊЕ НА НАСЕЛБИТЕ И НИВНАТА ОКОЛИНА И ДРУГИ ПЛАНСКИ ОДРЕДБИ И МЕРКИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ НА ГЕНЕРАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ДОСТАВЕНИТЕ ПОДАТОЦИ

Согласно Законот за зеленило, при спроведување на планот да се почитуваат одредбите за зеленило. Процентот на озеленетост во границите на градежната парцела, согласно Законот за урбано зеленило (Сл.весник на РМ 11/18, 42/20, 224/24), потребно е да изнесува минимум 20% од градежната парцела под која не се планира градба.

9.20. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА, ПРИРОДНОТО НАСЛЕДСТВО И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Основни загадувачи на просторот се сите видови моторни возила. Имајќи ја во предвид оваа состојба, може да се изврши поделба на три основни групи на загадување со дадени основни смерници и мерки за заштитна на истите:

- Аерозагадување и мерки за заштита
- Загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- Извори на бучава и мерки за заштита

9.21. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ

Мерките за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадување на амбиентниот воздух, врз човековото здравје, како и за животната средина како целина, преку утврдување на граничните вредности за квалитетот на амбиентниот воздух, се предмет на уредување на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух (Сл. в. на РМ бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15).

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата.

Се претпоставува дека загадувањето што ќе биде предизвикано од начинот на греење, нема да претставува загрижувачка опасност позагадувањето на животната средина, бидејќи греењето е централно или со електрична енергија.

Правните и физичките лица сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на емисии на загадувачки супстанции во амбиенталниот воздух кои се опфатени со државната и/или со локалните мрежи, согласно со овој закон се должни да:

1) инсталираат и да одржуваат во исправна состојба мерни инструменти за следење на емисиите на местото на изворот и
2) обезбедат редовно следење, мерење и обработка на податоците на емисиите од изворот на загадувањето и за тоа да водат дневник.

Мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии од определени поединечни стационарни извори

1) Правните и физичките лица сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на загадувачки суптанции во амбиентниот воздух, а кои не се опфатени во државата и/или локалните мрежи за мониторинг, се должни да изградат ситем за следење на изворот на емисии и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух во реонот на објектот.
2) Лицата од ставот (1) на овој член следењето и мерењето можат да го вршат преку сопствени служби или преку научни и стручни организации или други правни лица, доколку се акредитирани за вршење на мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, во согласност со овој закон и друг закон.

За утврдување на степенот на загаденост на амбиентниот воздух, изворите на загадување, како и нивното штетно влијание врз квалитетот на воздухот, се установува Катастарот на загадувачи на воздухот. За подобрување на квалитетот на воздухот во планскиот опфат предвидено е сите слободни површини (парковски) да се уредат.

Потребно е да се изврши озеленување на просторите околу објектите во границите на секоја градежна парцела поодделно, со што ќе се изврши подобрување на микроклимата во планскиот опфат.

9.22. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД БУЧАВА

Секојдневната изложеност на населението на високо ниво на сообраќајна бучава, карактеристична за урбанизираните подрачја, има сериозен јавно – здравствен ризик и наметнува потреба од контрола на бучавата во раните фази од планирањето и уредувањето на просторот.

Во планскиот период треба да се стават во функција мерни места за следење на бучавата. Како краткорочен приоритет треба да се постави изработката на Програма за работа на државната односно локалните мрежи за мониторинг на бучавата.

Во подрачја покрај магистрални патишта се поставуваат најмалку 10 репрезентативни мерни места кои треба да ја покријат целата зона на сообраќајницата и постојаните извори на бучава.

9.23. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КВАЛИТЕТОТ НА ПОЧВАТА

Контаминацијата на почвата со тешки метали, предизвикана од антропогените активности зазема доминантно место во урбанизираниот дел на општината. Контаминацијата на почвата со природно потекло е далеку послабо застапена и има минорно квантитативно значење.

Традиционалните метода за третман на контаминираните локалитети со тешки метали (измивање на контаминентите, нивна солидификација и друго) може да бидат направени in-situ, на самата локација, или ex-situ, преку отстранување на почвата и спроведување на третманот на друга локација.

Фиторемедијацијата е најповолна метода за отстранување, деградација или апсорбција на тешките метали во почвата преку правилен избор на растенија, хиперакумулатори, на контаминираната површина. Најпримењувани механизми за фиторемедијација се ризофилтрација, фитоекстракција и фитостабилизација.

9.24. МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

9.24.1 МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО НЕДОСТАТОК НА БАЗА НА ПОДАТОЦИ ЗА КОЛИЧИНИТЕ НА ОТПАД ОД ПРАВНИ СУБЈЕКТИ И ГРАЃАНИ НА ГОДИШНО НИВО

Правните и физичките лица кои се сопственици, односно корисници на одредени инсталации што создаваат, преработуваат и отстрануваат отпад се должни мониторингот на управување со отпадот да го вршат во согласност со условите утврдени во интегрираната еколошка дозвола или дозволата за работа. Податоците од мониторингот се должни да ги достават до органот надлежен за вршење на стручни работи од областа на животната средина-Управата за животна средишна.

9.24.2 МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО НЕДОСТАТОК НА ПРИМАРНА СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД НА МЕСТОТО НА ГЕНЕРИРАЊЕ ОД ПРАВНИ СУБЈЕКТИ

- Воспоставување назаеднички систем засепарирање на комуналенотпад за објектите во соработка со ЈКП Комунална хигиена за сепарирање на комунален отпад
- Употреба на материјали кои серециклираат, за кој постојатизводливи технички решенијаза сепарирано собирање итретман
- Примарна селекција и рециклирање на отпад

9.24.3 МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПОЈАВА НА НЕДОЗВОЛЕНО ОДЛАГАЊЕ НА ОТПАД НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ

- Воспоставување на мониторинг и следење насостојба на општинско ниво.

9.25. МЕРКИ ЗА ОДРЖЛИВА МОБИЛНОСТ И БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ

Мерките за одржлива мобилност и безбедност во сообраќајот, се спроведуваат преку утврдување на сообраќајните коридори согласно Правилникот за урбанистичко планирање („*Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26*).

- При изработка на Урбанистички проект за инфраструктура да се има во предвид распределбата на просторот на различни начини на превоз и нивната удобност, широчината на лентите, обезбедувањето на зеленило за пешачките и велосипедските патеки, а со тоа зголемување на опциите за пешачење и користење велосипед споредено со автомобилот, повеќе пешачки и велосипедски мостови,
- При изработка на Урбанистички проект за инфраструктура да се предвидат мерки за смирување на сообраќајот,
- При изработка на основен проект, покрај паркингот за коли, да се обезбеди задолжително и паркинг за велосипеди,
- При изработка наУрбанистички проект за инфраструктура да се предвидат патни диети.

9.26. МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

Предвидени се неколку мерки за справување со појавата на урбани топлотни острови како главен идентификуван проблем:

1. Поттикнување на научни истражувања за анализа на влијание на климатски промени преку:

- детална анализа на топлотни острови во општина Гевгелија и дизајнирање мерки за ублажување на последиците од урбаните топлотни острови преку прототипирање и нивнотестирање (на пример, воведување практика за ставање бели покриви, посветол асфалт итн).
- Студија за анализа на влијанието на зелени покриви/фасади/површини врз намалувањето на потрошувачка на енергија и намалување на температурата и топлотните острови во општина Гевгелија
- Снимање со термална камера одавион/беспилотно летало на урбанитоплотни остров
- Развивање иновативни модели за подобрување на подготвеноста и способноста на граѓаните за одговор на катастрофите
- Програми за подигање на свеста на заедницата запоследиците од екстремните временскисостојби и настани
- Детална процена наосетливост и изложеностна климатски промени на туристичкителокалитети во општина Гевгелија
- Осмислување и реализирање активностиза подигање на јавната свест заживотната средина и климатскитепромени, анимирање на граѓаните дастанат активни учесници вопреземањето конкретни мерки и сл.

2. Одредување и имплементација на активности за промена на однесувањето на граѓаните и институциите како носители на позитивни промени, со цел сите заедно да се справиме со предизвиците што ги носат климатските промени:

- Развој на веб-платформа – интерактивна база на податоци за сите факти што се поврзани со урбаните топлотни острови
- Детална процена на осетливост и изложеностна климатски промени на природно и културно наследство во општина
- Зелени кровови и зелени фасади
- Зголемување на процентот назеленилото во градежни парцели
- Континуирано преземање мерки и активности за заштита и унапредување на заштитените природни реткости
- Следење на состојбата на биодиверзитетот, влијанието од климатските промени и негова заштита
- Евидентирање на појавите на ерозија и преземање
- Активности за нејзино намалување и спречување
- Користење на податоците од зелениот катастар за дизајнирање адекватни мерки за ублажување согласно со светските и европските трендови
- Континуирано чистење и одржување на целата постојна инфраструктура за заштита од поплави, односно нејзино враќање во првобитна состојба и долгорочно одржување
- Урбанистички планови кои водат во насока да осигурат навлегување на свежиот разладен воздух во градот
- При планирање нови или реконструкцијана постојни делови, треба да се осигурапостоење ефект на разладување со соодветна ориентација на објектите, улиците и отворените простори, но и со зачувување на односот меѓу висината на објектот и ширината на улицата

- Усогласување на економскиот развој сопросторните можности и еколошкиоткапацитет на општина Гевгелија

Очекуваните резулати се стимулативни програми и мерки за употреба на мерки за енергетска ефикасност во резиденцијалниот и градежниот сектор. Показателот на успех на самите мерки ќе биде Изработка на Програма за поттикнување на енергетската ефикасност; Индикативно намалување на CO2 емисии (kt).

9.27. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ (ЗЕМЈОТРЕСИ, ПОПЛАВИ, ЛИЗГАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ, СНЕЖНИ ЛАВИНИ И НАНОСИ, ПОЖАРИ И ДРУГИ)

Согласно Законот за одбрана (Сл.весник на Р.М. бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15), Законот за заштита и спасување *(Службен весник на РМ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Службен весник на РСМ број 215/21, 124/25)* и Законот за управување со кризи (Сл.весник на Р.М. бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување *(Службен весник на РМ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Службен весник на РСМ број 215/21, 124/25)* мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1) при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;
